# ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕДУКАЦИЈАТА ВО УНИВЕРЗИТЕТСКАТА КЛИНИКА НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ – ЧАПА – ИСТАНБУЛ

Оддел за Алергологија и Клиничка имунологија

Др. Сузан Исмаилова

ЈЗУ. Општа болница - Гостивар

- Одделот за Алергологија и Клиничка имонологија е составен:
- Поликлинички дел
- Стационар

Во стационарот има само четири кревети и затоа се хоспитализираат само хитни случаи, тешки алергии, уртики, анафилактични шокови.

Поликлиничкиот дел се состои од:

- кабинет каде се работата алерголошки тестови и имуно терапија
- кабинет за испитување на белодробната функција
- амбуланти

- Во истиот кабинет се работат и PETCH тестови, во вторник и во петок затоа што резултатите се читаат по два дена.

PETCH тестовите се прават нахемиски агенси и метали.

- На грбот се лепат три панели по 12 алергени

- Во кабинет за испитување на белодробната функција се работи спирометрија на пациенти кои имаат отежнато дишење, аускултаторен наод на бели дробови позитивен или имаат дијагноза астма.

Спирометријата ја работаат и со бронходилататор како би разликувале дали станува збор за астма или ХОББ.

Два пати неделно, во понеделник и во четврток  работат Алерген специфична имунотерапија:

- на дермаофагоиди
- на полени
- на оса и пчела

Првите шест недели пациентот доаѓа еднаш неделно, а потоа еднаш месечно. Имунотерапијата трае вкупно пет години.

Кај бремни жени не почнуваат со имунотерапија, но ако терапијата е веќе започната и е при крај, а пациентката забременила не ја прекинуваат.

- Работат десензибилизација на лекови на кои пациентот појавил алергична реакциј, а кој за тој пациент се лек на избор за неговата основна болест.

Најчесто тоа се цитостатици кои пациентот ги прима по препорака на онколог, а кој немаат замена.

Работаат по стандардизирани протоколи.

Исто така работат алерголошки тестови на лекови на кои пациентот покажал алергија.

Почнуваат со најслабо разредување најпрво со PRIQ тест, ако е тој негативен продолжуваат со интрадермално боцкање со три разредувања: 1/1000, 1/100, 1/10. Пациентите се боцкаат во размак од пола саат.

Ако и интрадермалните тестови се негативни тогаш на пациентот му се дава per os да пие таблета која е поделена на 4 еднакви дози. Секоја доза се зема во размак од 30 минути. Сите овие постапки се прават под контрола на лекар.

За време на престојот имав прилика да видам голем број на пациенти, многу специфични и интересни случаи. Се работеше со невидена фрекфенција поради што стекнав многу нови искуства кои се разбира колку што е можно ке се потрудам да ги применам и искористам во мојата понатамошна работа.